Врз основа на член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(„Сл.весник на РМ” бр.6/2012), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2014 година , донесе

# О Д Л У К А
## за започнување на постапка за
## за доделување на договор за концесија
## за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци

### Член 1

Заради решавање на сообракајните проблеми поврзани со зголемениот сообракаен метеж во градот и проблемот со паркирањето во општина Кавадарци, врз основа на Физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци бр.18-64-39/26 од 22.10.2014 година (прилог на Одлуката), се утврдува потребата од започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци, преку зонско паркирање и затворени паркинзи (во понатамошниот текст Договор за концесија на услуги).

### Член 2
### Образложение за оправданоста

Оправданоста од доделување на Договорот за концесија произлегува од потребата од одржувањето и користењето на јавниот простор и потребата од воспоставување на организиран режим на паркирање преку користење на затворaните паркинзи и јавните површини (зонско паркирање) со оглед дека општина Кавадарци не располага со буџетски фискален капацитет кој може да обезбеди ефикасен начин на одржување и користење на јавниот простор за паркирање.

### Член 3
### Образложение за основот за идентификување за видот на договорот

Со доделувањето на концесијата приватниот партнер ке ја превземе обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга- паркирање преку набавка на основни средства и опрема како и изведување на подготвителни работи за да може да бидат ставени во функција јавните површини-паркинзи , управување и одржување на системот на паркирање.

**Член 4**
**Цели**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за концесија се :

- уредување и организирање на нов, модерн и автоматизиран начин на управување и контрола со уличното паркирање како и на пракирањето од затворен тип-зонско паркирање и паркирање во затворени паркинзи ;
- набавка на опрема за давање на услуги на паркирање од страна на приватниот партнер (концесионерот);
- зголемување на квалитетот на услугите за паркирање;
- подобрување на сообракајниот ток и поголема безбедност на улиците ;
- зголемување на искористеноста на секое паркинг место односно обртот и измената на паркирање.

**Член 5**
**Предмет на Договор за концесија**

Предмет на Договорот за концесија е :

- финансирање на Договорот за концесија;
- набавка на опрема за давање на услуги на паркирање;
- изведување на градежни работи на јавните површини наменети за паркирање;
- стопанисување со јавните паркинзи;
- пренос на опремата за давање на услуги на паркирање во сопственост на општина Кавадарци и право на стопанисување со јавните паркинзи од страна на општина Кавадарци, по истекот на Договорт за концесија, на начин и под услови определени со Договорт за концесија .

**Член 6**
**Вредност на Договорот за јавно приватно партнерство**

Проценетата вредност на Договорот за концесија изнесува 269,992 ЕУР во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на уплатата на средствата .

**Член 7**
**Вид на постапка од Законот за јавните набавки**
**Начин и рок за спроведување на постапка**

Постапката за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци ке се спроведе преку отворен повик, согласно Законот за јавни набавки .

Критериум за избор на најповолна понуда е :

- Концесискиот надомест - 80 бода.
- Времетраење на концесијата – 20 бода.

Постапката од став 1 на овој член ке се спроведе во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 8**

За спроведување на постапката за доделување на концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци, Градоначалникот на општината ке формира посебна комисија .

Комисијата од став 1 е составена од 1 член од позицијата и 1 член од опозицијата и нивни заменици, кои ке ги предложи Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

**Член 9**

Одлуката за избор на приватен партнер, на предлог на Комисијата од член 8 , ја донесува Советот на Општина Кавадарци.

Најповолниот понудувач од став 1 на овој член ке основа Друштво за посебна намена (ДПН), кое ке го склучи (потпише) договорот за ЈПП и ке го реализира предметот на договорот на начин и под услови уредени со истиот

**Член 10**

**Висина на надоместок за издавање на тендерска документација**

За издавањето на тендерската документација не се наплака паричен надоместок.

**Член 11**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07-4925/6**
**30.10.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**